20262674838

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30-в став (2) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22, 199/23, 3/25, 247/25 и 267/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 ноември 2026 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА ДОБРАТА И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА ПРИМЕНА НА ПОВЛАСТЕНА ДАНОЧНА СТАПКА

Член 1

Во Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.214/26, 228/26, 239/26, 247/26 и 256/26) во членот 3 зборовите „16 ноември 2026 година“ се заменуваат со зборовите „30 ноември 2026 година“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-8900/2
16 ноември 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Димовски, с.р.